

*Есма и Стево во Индија*

***ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ЕСМА“ НА СЛАВЕ КАТИН***

***За Есма Реџепова - Теодосиевска Индија е земјата на нејзиното потекло, каде е оригиналниот дом на Ромите: Раџастан има околу 23 милиони луѓе кои го зборуваат ромскиот јазик и каде таа се чувствувала како дома. Есма и нејзиниот сопруг Стево Теодосиевски таму беа номинирани за Кралица и Крал на ромската музика***

Инаку, Индија е земја која кај намерникот буди и возбуда и потрага по непознатото и

љубопитство и предизвик да се види што поодблизу, што повеќе да се почувствува нејзиното пулсирање. За љубителите на умет-но-с-та таа е трезор на отворено на древните храмови; за ет-но-ло-зите таа е земја во која се вкрстуваат повеќе религии и кул-тури, во чуден спој, виден само во Индија; за ис-то-ричарите и статистичарите таа е втора најнаселена земја во светот.

Како дом на прастарата цивилизација на индиската долина и област на историските трговски патишта и пространи империи, индискиот потконтинент бил идентификуван со своите комерцијални и културни богатства во поголемиот дел од својата долга историја.

Четири од главните религии во светот: хиндуизмот, будизмот, џаинизмот и сикизмот, потекнуваат од тука, додека зороастризмот, јудаизмот, христијанството и исламот, пристигнале на тие простори во првиот милениум пред нашата ера и го оформиле регионот на разновидни култури.

Индија има бурна историја, почнувајќи од пред на-шата ера до денешни дни. Богатството на Ин-дија како што е зачинот, златото, слоновата коска и скапоцените камења, привлекувало голем број ос-војувачи уште од древни времиња. Еден од нив бил персискиот цар Дариј I, кој успеал да ја покори Индија и да формира држава која ја нарекол Пенџаб.

Се чини дека Индија го одушевила и го магепсала и големиот вој-ско-во--дец и освојувач Александар Македонски. Така, според голем број извори, и тој откако го покорил Персиското Царство на Дариј, во летото 327 година пред Христа тргнал по неговиот пат за Индија, поробувајќи го--лем дел од сегашна Индија и дошол до светата река Ганг. Есма Реџепова и Стево Теодосиевски, пак, со џип го изодиле патот на Александар Македонски и стасале до Индија.

Меѓутоа, Индија е земјата и на скопјанката Мајка Тереза. За жал, за хуманистката Мајка Тереза како млада скопјанка и за нејзиниот живот во Скопје во времето пред почетокот на Првата светска војна многу малку е напишано, а податоците се често непрецизни и нецелосни. Повеќегодишните истражувања за животот на Мајка Тереза, односно Гонџа Бојаџиу, првин во Скопје, а потоа во Калкута, даваат една посеопфатна слика за детството и младоста поминати во Скопје и за нејзината необична и несебична животна определба втемелена во Индија и проширена во светот.

По смртта, како и во текот на животот на Мај-ка Тереза, во бројни текстови за нејзиното хумано дело се појавија огромни намерни или ненамерни про-пусти или погрешни факти. Меѓутоа, вистината е дека таа е родена во Скопје, дека била Латинка со католичка вероисповед, кај кои нема поделба на на-ционалност, туку само вероисповед.

Мајчин јазик ѝ бил хрватско-српскиот и не зборувала друг јазик сè додека не отишла преку Загреб во Ирска каде учела англиски јазик и од каде заминала за Калкута, тогашниот најголем град на Британската Империја по Лондон. Мајка Тереза пристигнала во Калкута на 6 ја-нуари 1929 година и таму останала до крајот на својот жи-вот.



*Есма и Стево со Индира Ганди*

На 24 мај 1931 година, Гонџа Бојаџиу ја до-нела својата судбоносна одлука - го променила своето име и го земала монашкото име во чест на Света Тереза од Авила, шпанска калуѓерка од XVI век и станува Мај--ка Тереза. Таа се соочила со страдањата на лу-ѓето низ улиците на Калкута, каде несебично работела на нејзиното мисионерство подолг временски период. Затоа, во 1948 година, папата Пие XII ѝ да-л дозвола да живее како независна калуѓерка, а истовремено таа станала жител на Индија.

Во тој период го основала редот „*Мисионерство на мило-ср-дие-то*“, чии карактеристики се: едноставно, бели сари со сини ленти и со по еден крст закачен на левото рамо. Така од срце со неверојат-на волја и енергија започнува нејзиното несебично и пожрт-ву-вано ангажирање да се помогне на сиро-масите, бол-ните, сираците, старците и инвали-дите. Це-лиот свој живот им го подарила токму на нив. На та-ков на-чин Мајка Тереза станала позната и приз-ната гра-ѓан-ка не само во Индија, туку и во светот.

Еден од неј-зините редови, кој бил формиран во 1950 година, „Сестри на милосрдието на Мајка Те-реза“, постои и во Република Македонија. Членовите на овој ред морале да се обврзат на живот без брак, на сиромаштија и послушност. Подоцна овој ред бил признат од страна на папата и бил под негова контрола.

Мајка Тереза со редот посебно се грижеле за лица кои биле на смртна постела, сирачиња и болни. Сепак, посебна грижа и време посветувале на болните од лепроза. Денес редот на Мајка Тереза брои преку 3000 сестри и преку 500 браќа во повеќе од 100 земји од светот.

Легендарната мисионерка Мајка Тереза е добитник на Нобеловата награда за мир, на награ-дата УНЕСКО за придонес во образованието, на индиската награда „Џавахарлал Нехру“, на на-градата „Универзална мајка“ и на многу други на-гра-ди и признанија. Меѓутоа, за Мајка Тереза нај-го-лема награда и признание претставувал мо-мен-тот кога некому давала помош.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**